**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Седумдесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јуни 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, во сала 1, со почеток во 14,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ја отворам 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Ханџиски, Ванчо Ѓоргиев, Чедо Петров и Љубисав Иванов - Ѕинго, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на РМ, Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на АРМ, претседателот на Републичкиот судски совет, претседателот на Основниот суд во Дебар.

Записниците од 63-та, 65-та, 70-та, 71-та и 73-та седница, ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците. (Нема).

Констатирам дека записниците од 63-та, 65-та, 70-та, 71-та и 73-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Процедурално за збор се јавува г. Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитувани колеги, со оглед на развојот на настаните на безбедносен план во РМ вчера како пратеничка група упативме барање до претседателот на Парламентот да свика седница на која ќе биде единствена точка на дневен ред - Разгледување на безбедносната ситуација на РМ.

Настаните кои се случија синоќа, за жал, уште повеќе потврдија дека е неопходно да се води една ваква расправа за да знае оваа држава и овој народ каде се движи. За жал, досегашната практика на средби на воениот врв, на редби на лидерите на политичките партии кај претседателот на државата ги сметаме како вон институционални мерки за решавање на кризата.

Единствена овластена институција во ланецот на одлучувањето во едно демократско општество, со парламентарна демократија е овој Парламент. Затоа сметаме дека треба да ја прекинете седницата и да се свика итна седница, можеби уште во текот на денешниот ден, сите пратеници се тука присутни, чекавме толку часови на одлагањето, можеме да почекаме и до вечер. Меѓутоа, дека е неопходна итна седница на овој Парламент, на која ќе се обрати претседателот Трајковски да ни ја објасни ситуацијата во која се наоѓа РМ, да ни ги објасни мерките кои ги превзема и како претседател и врховен командант, за разрешување на таквата ситуација.

На оваа наша иницијатива денес се приклучија уште две или три пратенички групи кои бараа итна седница.

Состојбата навистина станува сериозна, после последниот настан од синоќа, како што реков, каде меѓу петте жртви има тројца битолчани. Така да на претходната бројка од четворица загинати полицајци од Битола, сега се додаваат уште овие три.

За жал, според моите информации во Битола веќе кулминира едно незадоволство, страшно изразено незадоволство. Верувам дека таквото незадоволство е и во целата македонска јавност, од вака негативен развој на настаните. Од друга страна информациите од терен зборуваат дека овој трагичен настан кој синоќа се случил потсетува на оној претходниот. Значи, станува збор за заседа и има укажувања, и има индиции, барем според првичните сознанија кои ги имаме од терен дека патролата буквално е наместена. Дали некој има право да се игра со животите на луѓето во оваа држава, припадници на безбедносните сили.

Токму затоа сакаме и инсистирам и апелирам итно да биде свикана таква седница на Парламентот каде ќе се разгледаат сите овие состојби и каде што генерално Парламентот ќе може да донесе заклучоци, со кои ќе ја обврзе Владата и претседателот на државата, како понатаму да дејствуваат. Се друго мислам дека не води кон еден многу неповолен расплет на настаните, во кои граѓаните сами ќе почнат

да решаваат и да ги преземат работите во свои раце, а тогаш сме далеку од дефинирана и добро организирана држава. Затоа јас уште еднаш апелирам да ја прекинете оваа седница, да се направат консултации со претседателот и со Владата и да се свика итна седница на Парламентот на РМ. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Јованов.

Еве овде гледам се јавија уште тројца пратеници, сигурно и тие сакаат односно имаат да кажат нешто деловнички односно процедурално, претпоставувам. Да ги слушнеме и нив, да видиме како ќе одлучиме.

Има збор пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, И пратеничката група на ВМРО - Вистинска поднесе слично барање, денес, како и пратеничката група на ДА. Ова е наше второ барање. Претходно тоа беше пред повеќе од еден месец, за слична точка -Актуелната безбедност на состојбата на РМ. Затоа и денес, после големото воено злосторство што се случи во РМ, кога се нападнати ранети и убиени војници на Армијата на РМ, во санитетско возило, што е против сите меѓународни конвенции, против Женевската конвенција, едно воено злосторство од голем чин напревено врз РМ, па сметаме дека не е момент кога можеме да разговараме како Парламент за вообичаените законски активности на Парламентот, туку дека е созреан моментот да зборуваме за една воена состојба која се случува во РМ, тоа е безбедносната состојба. Сметам дека предлогот на координаторот на ДА што го поднесе е сосема во ред, сосема на место. Сметаме дека седницата под итно треба да се прекине, и да се закаже нова седница со единствена точка на дневен ред-Безбедносната состојба во РМ и актуелните случувања во РМ. Мислам дека нема потреба од повеќе објаснувања. И ние како пратеничка група потполно го поддржуваме предлогот на ДА, а истиот предлог го имаме дадено и писмено до Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. Златко Стојменов.

Има збор г. Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, ценејќи ја драматичноста на состојбата во која се наоѓа РМ и ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, во текот на вчерашниот ден започнавме акција за собирање на потписи за свикување на една седница на Собранието на која ќе се расправа за безбедносната состојба во државава.

Денес таа акција на собирање на потписи ја завршивме. Се потпишаа околу 50 пратеници и во архивата е предадена пред неколку минути. Така да и нашата заложба е во правец на свикување на вонредна итна седница на која ќе се расправа за безбедносната состојба во Македонија, при што посебно инсистираме на таа седница, министерот за одбрана да поднесе едно експозе за состојбата во земјава.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Александар Флоровски, процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Можеби е процедурално, можеби е како реплика на г. Никола Јованов, зависи кој како ќе го фати.

Во ред е што се предлага оваа точка на дневен ред, но две работи кои беа апострофирани овде, мене лично ме загрижуваат без разлика што г. Јованов е од Битола и сочувствувам со она што се случува дај Боже никогаш повеќе да не се случи. Тоа е првиот елемент на самоорганизирање, што не смее ни еден од нас како пратеници, да го спомне овде. Претворање на населението во толпа, би било страшна работа. Постојат институции во системот, МВР и Министерството за одбрана кои ќе ги преземаат своите обврски, ќе дејствуваат во тој правец. Така да терминот самоорганизирање, ме потсеќа на некои минати времиња од екс југословенските простори. Според тоа г. Јованов сметам дека таквата терминологија не треба тука да се употребува и би била лоша за македонската држава и воопшто за граѓаните на РМ. Ако некој треба да дејствува во државата тоа се МВР и АРМ. Не смее македонското население да се претвори во толпа, да се самоорганизира и се она што последователно може да се случи.

Инсинуацијата дека војниците се наместени, паднале во заседа која личи на онаа претходната, ја доведува во сомнеж структурата на АРМ и МВР, значи некои ртици во тие институции се тие кои ги

местат македонските војници, со што воопшто не би се согласил затоа што имам максимална доверба во тие институции. Не верувам дека постои нормален човек во тие две институции кои би преземал такви активности во тој правец, да ги мести македонските војници. Сметам дека со ова што го кажавте го рушите не само кредибилитетот на АРМ и МВР, туку внесувате и сомнеж дека војниците намерно се испраќаат, што би рекле, на боиште да гинат така без врска.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам процедурално ако имате нешто да кажете, немојте да влегувате во расправа.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас реков ова може да биде и процедурално а можете да го сфатите и како реплика, добронамерна, како македонец, како патриот и на крајот како пратеник, да не се создава сомнеж дека некој ги испраќа луѓето без врска да гинат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува г. Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Незнам од каде е идејата дека јас повикувам на некакво самоорганизирање. Јас тоа и го реков, ако не расправа Собранието, по повод безбедносната состојба на државата, ќе настанат некои други процеси кои никој овде не ги посакува. Никој не сакам да ме прозива за патриотизмот. А дека има индиции, дека некој организирал такви настани во Битола и при првиот настан, после загинувањето на четворицата војници, тоа го има. Значи некој друг сака да организира нешто меѓу народот, не Никола Јованов, кој така не се изјасни, туку се изјасни овде да расправаме во Парламентот, да не се расправа по улици.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор Наталија Димова - Марковиќ.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, пратеничката група на Нова Демократија исто така се приклучи на предлогот за свикување на итна седница на која ќе се расправа за премногу сериозната состојба во државата.

Сметаме дека со ваквиот дневен ред кој ни е предложен за денес и со работењето по истиот, се суспендира Собранието и институциите на системот и во тој случај ние неможеме да расправаме за нешто што не е приоритетно. Сите ние разбираме дека состојбата е и премногу сложена и таа ескалира во секоја минута. Затоа се приклучуваме кон предлогот на другите пратеници, да се свика итна седница, со обраќање на г. претседател Борис Трајковски, по која, оние заклучоци од седницата на Собранието на РМ кои ги донесовме, ќе ги прошириме, со оглед на новонастанатата состојба во државата. На нас секоја минута ни се случуваат жртви и војната ескалира. Затоа сметам дека овој дневен ред треба да го резервираме во овој момент и да свикаме седница на која ќе расправаме по сериозните прашања. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и г-да пратеници, пратеничката група на ЛП се приклучува кон останатите пратенички групи за свикување на итна седница.

Цениме дека денес е без предметно да дискутираме за лилјаците или за делфините. Имаме многу посериозни теми.

Затоа предлагаме денес да се прекине седницата и свика итна седница во текот на утрешниот ден, со што бараме да даде подетално образложени министерот за одбрана.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Слободан Даневски.

Има збор г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Очигледно дека во Собранието има поширока поддршка за потребата Собранието да расправа за актуелно безбедносната ситуација во РМ или како ќе ја крстиме точката на дневниот ред.

Пратеничката група на СДСМ се согласува дека има потреба од ваква седница, и од ваква расправа.

Со оглед на тоа што свикување на итна седница и други процедури можат да бидат по непродуктивни, прифаќајќи ја ваквата иницијатива, ние би предложиле до вас и до пратениците, да работиме на следниот начин, до колку е дозволено да го предложам тоа.

Имено, 75-та седница која вие денес ја отворивте, прво да направиме еден пратенички договор, никој да не ја дополнува со никакви други точки на

дневен ред по Предлогот на дневниот ред кој е доставен и само да прифатиме како прва точка на дневен ред да оди актуелната безбедносна состојба во државата, односно во овој случај би била втора за да го верификуваме мандатот, како што ред, во првата точка и веднаш после тоа да расправаме за безбедносната ситуација, а седницата со другите точки да си продолжи. На тој начин ние всушност само би гласале за уфрлување на нова точка на дневен ред, како прва или втора и би продолжиле со работа.

Другиот предлог е да се прекине оваа седница и да се закажува нова итна седница, тоа значи дека ние за актуелната ситуација ќе расправаме утре или задутре.

Ние се придружуваме кон барање, врховниот командант на вооружените сили на РМ, на оваа седница да се обрати со свое видување и со мерките кои ги одобрува, пред пратениците, како и другите пратенички групи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

И јас како пратеник од Сојузот на ромите се приклучив на листата на ВМРО-ДПМНЕ што бара итна седница на која ќе се расправа за безбедносната состојба во државата и претседателот на државата што треба да биде присутен на оваа седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да го ислушаме и пратеникот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Г-дине потпретседателе, јас процедурално се јавувам. Имаме голема забелешка до претседателот на Собранието, бидејќи ние вчера како пратеничка група испративме писмо, со барање, да се достави до сите пратеници, а тоа не е сторено, од вчера до денес нашето барање не е проследено до пратениците во ова Собрание во кое што бараме итна седница, да се расправа само за актуелната политичко - безбедносна состојба во РМ. Во тоа барање, јас морам да прочитам, рековме дека бараме претседателот на државата да се обрати до сите граѓани, преку ова Собрание. Така да, мислам дека на некој начин се врши опструкција во ова Собрание на легитимни барања на една пратеничка група. Ова до сега не се случило, едно барање да не биде проследено спрема она што го напишавме во нашето писмо, многу кратко писмо во кое ги бараме овие две работи. Сметаме дека седница со излагањето на еден министер, дали е тоа за одбрана или друг министер за внатрешни работи, не е доволно. Бараме сеопфатно да се опфати оваа тема, со обраќањето на претседателот бидејќи има меѓународни аспекти и димензии, во овој случај има и безбедносни, има и од пошироки рамки, во однос на планот дали го има или нема претседателот на државата и релевантните фактори кои сега седат во Владата на широка коалиција, за да најдеме решение да излеземе од оваа состојба.

Уште еднаш потенцирам дека нашиот предлог е на таа седница обавезно да се обрати претседателот на државата.

**ИЛЈАС ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Карангелески Радомир.

Повторно има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас пред малку во првото мое обраќање побарав информација да даде министерот за одбрана. Меѓутоа, слушајќи го предлогот на Демократска алтернатива, ценам во името на пратеничката група дека е целисходно и претседателот на државата да се обрати и покрај тоа што, сепак, тоа е негово уставно право кога тој ќе му се обрати на Парламентот. Но, еве, ако ја ислуша нашата заложба, тогаш можеби ќе има придонес и ова наше инсистирање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно се јави пратеникот Стојменов Златко.

**СТОЈМЕНОВ ЗЛАТКО:**

Јас, еве, како дополнување на се ова што беше кажано пред малку, сметам дека сериозноста на ситуацијата и актуелноста на темата со која ќе се бавиме на една ваква седница, е таква што сметам сите највисоки органи на државата и сите министри, премиерот и претседателот на државата треба неизоставно да се присутни на една ваква седница. Така, за мене е беспредметно да се зборува кој се би бил и кој би се обратил, но во секој случај претседателот на државата би било поволно да се обрати на Собранието. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам.

Има збор пратеникот Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, јас само сакав да укажам на една работа.

Неможам да ги прочитам мотивите на претседателот на државата да им се обрати на граѓаните пред оваа говорница, меѓутоа, според член 85 став 2 од Уставот на Република Македонија, може и Собранието, преку претседателот на Собранието да побара претседателот на Републиката по прашања кои што се од негова надлежност, а ова се ексклузивни прашања од негова надлежност, безбедноста, надворешната политика, одбраната итн., да се обрати пред пратениците и да ги запознае преку пратениците и граѓаните на Република Македонија со овие состојби кои што ги имаме денеска. И, во таа смисла, јас мислам дека е и негова обврска, а не е само желба дали сака или не, ако тоа ние го побараме, се разбира, како општо барање овде, а гледам дека нема поделено барање во таа смисла, како општо барање преку претседателот на Собранието да ни се обрати претседателот на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Климовски Саво.

Бидејќи, нема други пријавени за процедурално, јас ги уважувам вашите барања и јасно се гледа дека мнозинството е за тоа да се свика итна седница за да се расправа за политичко -безбедносната состојба во Македонија. Вие знаете дека јас деловнички немам право да свикам седница, но јас тоа можам да го правам само во консултација со претседателот на Парламентот, ова ваше барање ќе го пренесам до претседателот и веројатно во Претседателството ќе се расправа и ќе се одлучи.

Затоа, јас ја прекинувам оваа седница, а ќе бидете известени нахнадно за евентуално одржување на таа итна седница. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,20 часот).